Центар за економска анализа

**Како до поквалитетен живот во Македонија по региони**
**Марјан Николов**
**makmar2000@yahoo.com**

Во Македонија во подготовка е Закон за рамномерен регионален развој во кој се утврдени 8-те плански региони во Македонија, носителите на регионалниот развој, планските документи, дефинирани се што се подрачја со специфични потреби и слично. Диспаритетите во Македонија помеѓу региони се од таков обем да мора да се превземат системски мерки за решавање на овој проблем. По основ на регионалниот развој Македонија ќе може да користи и значителни средства од ИПА фондовите-третата компонента пред се. Сепак, донесување на самиот закон не е доволен услов за ефикасно програмирање на развојот на регионите и намалување на нивниот диспаритет. Од големо значење е и мерењето на диспаритетите, мониторинг на постигнување на целите од законот и слично.

### *Големи диспаритети*

Во Македонија диспаритетите помеѓу регионите се големи, за што доволно говори и следниот график.




На графикот гледаме дека Скопскиот регион има БДП 43 % од просекот на ЕУ 25, што е повеќе од БДП на Летонија и Литванија (членки на ЕУ). Од друга страна Полошкиот регион е со најмал БДП во Македонија од само 11% како

просек од ЕУ, што е четири пати помалку од Скопскиот регион. За споредба, во Словенија разликата помеѓу најмалиот и најголемиот БДП по регион е 2 пати.

***Потреба од навремени и квалитетни податоци***

Она на што помалку се фокусира дебатата и вниманието е потребата од статистички податоци за цели на анализа и донесување на соодветни политики. Од скоро на располагање е публикацијата за демографска статистика по региони во Македонија од Државниот завод за статистика-ДЗС која меѓу другото дава податоци и за очекувано траење на животот при раѓање по региони. Пред четири години ЦЕА направи профилирање на Македонија на НУТС 3, 4 и 5 ниво за потребите на CDP на Светска Банка-Проект за развој на заедниците (види: www.lsg-data.org.mk). Тогаш тие податоци не беа на располагање, а покрај Општинскиот композитен индекс-ОКИ се обидовме да пресметаме и Индекс на Човековиот Развој за тие НУТС нивоа. Овој индекс покрај БДП во себе ги зема во предвид и должината на човековиот живот, образованието и писменоста на населението. Значи овој индекс не говори само за економскиот развој на регионите туку и за квалитетот на животот по тие параматри.

Една приближна пресметка (без образовниот индекс) ги покажува следните резултати за Индекс на Човековиот Развој по региони во Македонија.




Од графикот се гледа дека Скопскиот регион е далеку над просекот за Македонија по индексот на човеков развој. Во Скопскиот регион за очекување е дека ќе доживеете 73,8 години, а најкратко може да живеете во Полошкиот регион и тоа 72,7 години. Просекот за Македонија е 73,3 години.

Диспаритетите во Македонија по региони и општини се големи. Начинот на мерење на тој диспаритет е од големо значење за прецизно отсликување на состојбите. ДЗС со новата програма за периодот 2008-2013 ќе треба да најде посебно место и за потребата од регионални статистики. Сега постојат одредени

сегменти кои не се интегрирани за добивање на централизирана информација но и се нецелосни. Ова значително влијае на начинот на кој ќе се измерат диспаритетите, мониторингот на остварување на целите од Законот за рамномерен регионален развој и ефикасната алокација на домашни и ЕУ финансиски средства.

***Програмски пристап и буџетско стратешко планирање***

Понатаму, овие податоци ќе бидат незаменливи во изработката на планските документи. Со квалитетни податоци ќе треба да се размисли за улогата на буџетскиот процес во регионалното планирање бидејќи во тој процес се донесуваат стратешки приоритети на владата, фискална стратегија, макроекономска политика, програма за јавни инвестиции, буџетски циркулари. Предизвикот е да се обезбеди да овие програми се однесуваат на целата земја но да го решаваат регионалниот диспаритет. Во таа насока и партиципацијата од приватниот сектор треба добро да се оцени бидејќи праксата од други земји покажува дека недостаток на планирање е и кога се алоцираат средства за програми за кои подоцна се установува дека има намалена побарувачка (во делот на развој на бизнисот и обука на работна сила на пример).

Во подзаконските акти од Законот за рамномерен регионален развој и актите за координација на ЕУ инструменти треба јасно да се дефинира дали се зборува за инвестиционо планирање, за воедначување на регионите, за помош на специфични подрачја или за друго. Битни ќе бидат секторските документи бидејќи во нив треба да бидат дефинирани регионалните приоритети (ова бидејќи регионите нема да имаат капацитет за регионално планирање барем на краток и среден рок). Затоа буџетскиот процес е многу важен како мултисекторски документ за спроведување на владините политики.

За поздравување е и донесувањето наскоро на оперативната програма за 2007 година за првата компонента на ИПА кој тежи скоро 42 милиони евра. Посебно важна овде е програмската подршка (дополнително на регионалната компонента 3 од ИПА која тежи 7.4 милиони евра).

***Предизвици***

Од овде генерално:

1. Владата посебно внимание треба да обрне на дизајн на механизми за следење и оценување како надградба на статистичките податоци заради јасен баланс помеѓу потребата од РМ конвергенција со ЕУ (а со тоа промовирање на развојот на веќе развиени полови) и потребата од регионална воедначеност (а со тоа инвестирање и во подрачја со економско социјални проблеми). Економски раст или воедначеност меѓусебно се исклучуваат. Доколку се успее да се избалансира оваа дихотомија полесно ќе се воспостават и механизми за следење и оценување на квалитетот и влијанието на развојните програми.
2. Ќе треба да се реши постојната институционална фрагментација каде повеќе министерства обезбедуваат капитални средства за ЕЛС но нема хоризонтална координација на владино ниво. Имајќи ја во предвид

големината на РМ, можеби треба да има една една програма за развој на РМ со поглавја за секој плански регион и за подрачја со специфични развојни потреби. Ова повеќе и заради фактот да не се случи да некои плански региони доставуваат “мали” проекти колку за да го оправдаат своето постоење.

3. Треба да се оцени и улогата на Одделението за јавни инвестиции при Секторот за макроекономија во Министерствотот за финансии. Ова одделение или би требало да оди во секторот буџет каде би се вклучило во буџетскиот процес и повеќе годишно планирање на капиталните проекти или е подобро ако се претопи во Бирото за регионален развој. Ризикот во секој случај со ваква концентрација на институции е влијанието на централната влада да биде големо па можно е формирање на независни регионални тела кои ќе “конкурираат” на планските региони од законот но од друга страна пак ќе има поголем диверзитет и конкуренција на идеи.
4. Навремени и квалитетни статистички податоци ќе значи и повеќе фокус на стратегиско планирање со мерливи цели отколку на анализи на постојна состојба т.е. јасно разграничување на позитивниот од нормативниот пристап.
5. Владата треба да води сметка и за проблемите на ЕЛС да бидат партнери во регионалниот пристап бидејќи тие генерално се зависни од трансфери, со слаб фискален капацитет и неплатените обврски. За да се биде партнер во регионален развој треба да се има потенцијал за инвестирање.
6. НВО-ата се партнери но претежно како корисници на програмите за инвестирање.
7. Овде се и технички проблеми од типот: Тешко е оперативно да се изведе начело на кофинансирање; буџетски едногодишен циклус (слаб капацитет за повеќе годишно планирање), а капиталните проекти се проекти кои бараат повеќе години за имплементација; останува и слабиот фискален капацитет на ЕЛС па прашањето се поставува за affordability што како последица ќе има можеби и барање за асиметрични правила за кофинансирање и слично.